Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ бр.58/2000, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и 96/2019“) и член 26 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ бр.102/2019), а во врска со член 117 од Законот за работни односи („Сл.весник бр. 167/2015 Пречистен текст и 27/2016“) и член 92 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ Бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018“), в.д Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја донесува следната:

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски
Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Inspektorati Shtetëror për Ndërtimtari dhe Urbanizëm
Бр.-Nr. 04-806/2
26.12 2019 год.-viti
Скопје - Shkup

# НАРЕДБА

## ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ПОДОЛГО ОД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ

1. Со оваа Наредба се уредува вршењето на работа подолго од полното работно време на административните службеници во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
2. Административниот службеник има право на додаток на плата, од точка (1) на оваа Наредба, ако работи подолго од полното работно време, во висина од 35% по час на износот на основната плата и додатокот на плата за звање, доколку работата ја врши по налог на непосредно претпоставениот административен службеник односно в.д Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
3. Административниот службеник кој работел подолго од полното работно време, додатокот од точка (2) на оваа Наредба, има право да го замени со слободни часови односно денови.
4. Вршењето на работата подолго од полното работно време може да трае најмногу 8 (осум) часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно.
5. Се задолжува техничкиот секретар на директорот во координација со Одделението за управување со човечки ресурси да води посебна евиденција за вршење на работа подолго од полното работно време и часовите поминати за оваа работа посебно да ги наведе во месечниот извештај за исплата и надоместоци на плата на административните службеници.
6. Оваа Наредба влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе почне да се применува од 01.01.2020 година.
7. Примерок од Наредбата да се достави до раководител на сектор/раководител на одделение/раководител на независна организациона единица и објави на огласната табла на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Број ____________

________. 2019 година

Скопје

вд Директор

Llokman Limani

**Влада на Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Наш број:

Датум:

До: Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

- Сите вработени
- тука

Предмет: **ЗАДОЛЖУВАЊЕ**

Почитувани,

Согласно законските прописи Ве известувам дека работа подолго од полното работно време се признава:

- Доколку се патува службено во Државата, се признава еден час подолго од времето на влез во Скопје на најблиската патарина, кое се наоѓа на фискалната сметка до Скопје

Пред да се достави налогот за работа подолго од полното работно време на одобрување од директорот, претходно се пресметува во одделението за финансиски прашања и се потпишува од административниот службеник, потоа го потпишува раководителот на одделението.

Откако ќе го одобри директорот, налогот се доставува во одделението за управување со човечки ресурси за понатамошно спроведување.

Со почит,

**в.д Директор**
**Llokman Limani**

Доставено до

- Сите вработени
- Огласна табла


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија

Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107
Е-пошта: contact@digu.gov.mk

## Влада на Република Северна Македонија

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -
Одделение за управување со човечки ресурси

Наш број:

Датум:

До: Директор на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

Предмет: **Барање за слободни часови/денови по основ на замена на работа остварена за време на неделен одмор подолго од полното работно време со слободни часови/денови**

Почитувани,

Јас, ________________________________ (име и презиме) на работно место ______________________ , согласно Законот за административни службеници, барам да ми овозможите користење на слободни часови/денови по основ на замена на работа остварена за време на неделен одмор подолго од полното работно време со слободни часови/денови, на ден _________ 2020 година.

Прилог:

- Извадок на извештаи за пресметано работно време од Системот за евиденција на работно време
- Налози и патарини (копии) за работа подолго од полното работно време

Со почит,

БАРАТЕЛ

______________________

ОДОБРИЛ
в.д Директор
Llokman Limani


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија

Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107
Е-пошта: contact@digu.gov.mk

## Влада на Република Северна Македонија

### - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ бр.58/2000, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и 96/2019") и член 92 став 5 и став 6 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ Бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018"), член 117 Законот за работни односи („Сл.весник бр. 167/2015 Пречистен текст и 27/2016"), и член 26 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ бр.102/2019), се донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за замена на работа за време на неделен одмор/работа подолго од полното работно време во слободни часови/денови**

1. На административниот службеник ______________________, вработен во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на работно место ____________________________, работа подолга од полното работно време од ____ часови остварени во месец _______ 2020 година во________ слободни часови/денови.
2. Слободни часови/денови административниот службеник ќе ги користи на ден __________ 2020 година.

**Образложение**

По налог на непосредно претпоставениот административен службеник, именуваниот административен службеник оствари работа за време на неделен одмор/ работа подолго од полното работно време.

Врз основ на барањето на административниот службеник за слободни денови по основ на прекувремена работа со слободни часови/денови со број __________ од _____. 2020 година, а согласно горенаведените законски прописи се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Употреба на правно средство:** Против ова решение може да се поднесе жалба преку Државен инспекторат за градежништво и урбанизам до Агенција за администрација во рок од 15 дена на неговиот прием.

ОДОБРИЛ
**в.д Директор**
**Llokman Limani**

Доставено до:

- Сектор/одделение
- Именуваниот
- ОЧР


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Гоце Делчев" бр. 18, Скопје
Република Северна Македонија

Тел. / Факс: + 389 (0)2 3226 183, Лок. 107
Е-пошта: contact@digu.gov.mk